**УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

Врз основа на член 206 став (4) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019), директорот на Управата за извршување на санкциите донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО, ОДНОСНО ПРАВЕН ИНТЕРЕС

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за остварување на право, односно правен интерес.

**Член 2**

Образецот се состои од два дела, од кои едниот е за барањето за остварување на право, односно правен интерес, а вториот за приговорот на известувањето по барањето за остварување на право, односно правен интерес. Образецот содржи податоци за установата, кратко упатство за пополнување со правна поука за подносителот, лични податоци и потпис на подносителот, приемен број и датум, потврда за прием и име, потпис и звање на примателот – овластеното лице во установата.

**Член 3**

Барањето за остварување на право, односно правен интерес и приговорот на известувањето по барање за остварување на право, правен интерес или поднесена поплака се поднесуваат на образец во А-4 формат, испечатен на хартија во бела боја со перфорација на листот на една позиција.

**Член 4**

Формата и содржината на образецот на барањето и приговорот од членот 3 се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Овој правилник стапува на сила од денот на неговото донесување.

Бр. 03-956/1
25.06.2019 година
Скопје

Директор на Управата за
извршување на санкциите,
Јовица Стојановиќ

ПРИЛОГ

# Барање за остварување на право, правен интерес или поднесување на поплака

| Пополнува установата | |
|---|---|
| Установа | Приемен бр. |

**Пред да го поднесете барањето или поплаката**

1. Како осудено лице, Вие имате право на писмена поплака до директорот на установата, во рок од осум (8) дена од денот на повредата на правото или од сознавањето за повредата.
2. Откако ќе го пополните формуларот потпишете го, внесете го датумот и предадете го на службеното лице овластено од директорот за прием на барања и поплаки.
3. Во рок од осум (8) дена од денот на поднесувањето на ова барање, директорот на установата е должен да Ви достави писмено известување. Доколку не сте задоволни од известувањето, или не добиете известување во рок од осум (8) дена по поднесување на ова барање, во рок од петнаесет (15) дена, имате право на приговор до Управата за извршување на санкциите преку друг формулар.

## Лични податоци

| | |
|---|---|
| Име | Презиме |
| Рег. бр. | Место |

## Вашето барање или поплака

| |
|---|
| |

Потпис ______________________ Датум ____________________

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Потврда за прием на Барање за остварување на право, правен интерес или поднесување на поплака

| | |
|---|---|
| Установа | Приемен бр. |

Датум________________ Потпис________________ Звање____________________

# Приговор на известување по барање за остварување на право, правен интерес или поднесена поплака

| Пополнува установата | |
|---|---|
| Установа | Приемен бр. |

**Пред да го поднесете барањето или поплаката**

1. Овој формулар служи за поднесување на приговор до Управата за извршување на санкциите против писменото известување на директорот на установата или во случај да не сте добиле известување.
2. Образложете со што не сте задоволни во врска со известувањето на Вашето барање или поплака или наведете дека не сте добиле никаков одговор во рок од осум (8) дена од поднесување на барањето.
3. Откако ќе го пополните формуларот потпишете го и предадете го на службеното лице овластено од директорот за прием на барања и поплаки.
4. Во рок од петнаесет (15) дена од приемот на овој приговор од директорот на Управата за извршување на санкциите, тој е должен да Ви достави решение. Доколку не сте задоволни од решението по овој приговор можете да побарате судска заштита или заштита од Народниот правобранител.

## Лични податоци

| | |
|---|---|
| Име | Презиме |
| Рег. бр. | Место |

## Вашето барање или поплака

| |
|---|
| |

Потпис ______________________________ Датум ______________________

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Потврда за прием на Приговор до директорот на Управата за извршување на санкциите

| | |
|---|---|
| Установа | Приемен бр. |

Датум__________________ Потпис__________________ Звање____________________